**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10, П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173; e-mail. zimohrid@yahoo.com*
*жиро сметка: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Бр 04-74/1
17.01 20 19 год
ОХРИД

Врз основа на член 21 и член 23, став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 139/09; 149/09; 50/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16), член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 20-д, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18), согласно Согласноста од Министертвото за финансии бр. 18-16690/2 од 21.11.2018 година и согласно член 13, став 2, алинеја 7 од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, в.д. директорот ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на 1 (едно) лице Стручен работник документатор
по објавен Јавен оглас за вработување бр. 01/2018

Член 1

Согласно објавениот Јавен оглас за вработување на лица на неопределено работно време во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр. 01/2018 и Предлогот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03004, Стручен работник документатор, бр. 04-71/3 од 16.01.2019 година, доставен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување, за работното место наведено во Јавниот оглас под став I точка 1 - КУЛ0304Д03004, Стручен работник документатор, се избира лицето Катерина Размоска.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката за вработување во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ја спроведе Комисија определена од страна на Министерството за култура на РМ (Допис бр. 27-13657/2 од 13.12.2018 год.).

Комисијата, по административната проверка на пријавите, на ден 11.01.2019 год., во просториите на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид спроведе Интервју во писмена форма со пријавените кандидати за работната позиција КУЛ0304Д03004, Стручен работник документатор.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување ги разгледа и оцени одговорите кои пријавените кандидати ги дадоа на прашањата поставени на Интервјуто и по извршеното оценување, кандидатите ги рангираше по следниов редослед:

1. Катерина Размоска
2. Никола Упевче
3. Наташа Каневчева
4. Розана Наумовска
5. Миле Илоски

Комисијата изготви Предлог до в.д. директорот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03004 - Стручен работник документатор, со кој предложи да се избере прворангираниот кандидат, Катерина Размоска.

Согласно чл. 21 од Законот за работните односи и чл.77-ж од Законот за култура, в.д. директорот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на Комисијата, го избра лицето Катерина Размоска за работното место КУЛ0304Д03004, Стручен работник документатор.

Заради претходно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

в.д директор,
Елеонора Новаковска